# ТРИ НЕПУБЛИЦИРАНИ ЛАТИНСКИ НАТПИСИ ОД МАКЕДОНИЈА

## ДРАЧЕВО — ЈУГОИСТОЧНО ОД СКОПЈЕ

1 (сл. 1). Надгробен споменик од бел мермер. Левата страна со рамката и профилот од натписот, како и долниот десен агол се откршени. Најден е во 1949 година во с. Драчево во Стефаноски Дол, на местото наречено „Тресалиште" и истата година пренесен во скопскиот Археолошки музеј (инв. бр. 498).



*Сл. 1*

Димензии: вис. 197 см., шир. 72 см., деб. 19 см.

Споменикот има слободен фронтон чија делум зачувана десна акротерија е дегенерирана и без украс. Петаголно, сложено профилирано поле на фронтонот, декорирано со розета, чешел и огледало, горе се завршува со релјефно претставена борова шишарка[1]). Според орнаментот на десната зачувана рамка може да се претположи дека обете странични рамки беа еднакво декорирани:[2]) со стилизирана лоза од која заедно со гроздови претставени во многу плиток релјеф неприродно израснуваат лисја на бршлен[3]). Орнаментот го вклучува не само натписното, туку делум и фронтонското поле. На тесната трака, којашто го разделува фронтонот од натписното поле е врезана посветната формула. Во четириаголно, профилирано натписно поле, високо 80 см., а широко 36 см., е следниот надгробен натпис:

[1]) Петаголно поле на фронтонот со основа на правоаголник и

D(is) M(anibus).
Teufia Ni-
ce Teufi Va-
leri lib(erta)
vixit an(nos) LXXX—
h(ic) s(ita) e(st).
Teufia Valeria
quae et Inge-
nua filia
f(aciendum) cur(avit).

Висината на буквите варира од 2 см. до 5,5 см. со исклучок на буквите коишто се во седмиот и осмиот ред дадени во лигатура и кои се високи 1,5 см.

Во натписов има доста лигатури така што во третиот ред се легирани буквите: 3—4 (te) и 8—9 (Va); во седмиот ред: 1—2 (te), 4—5 (fi), 7—8—9 (Val) и 11—12 (ri); во осмиот: 2—3 (ua), 5—6 (et), 7—8 (In); во деветтиот 2—3 (ua).

Според името Teufia Nice веројатно била од грчко потекло. По ослободувањето, покрај гентилното име на својот некогашен господар (патрон) таа си го задржала и своето робовско име како преномен[4]). Со прекарот (signum) „Ingenua" што го носи нејзината ќерка Валерија, во овој случај убаво е потцртана разликата во друштвениот положај на мајката, која била само „ослободена робинка" (*liberta*) и како таква донекаде зависна од својот патрон и ќерката, која, како „*ingenua*", наверно била потполно слободна.

Фактот дека обичајот во натписите да се споменуваат прекари (signa, vocabula) бил воведен во Рим дури за време на Антонините (најстар познат датиран пример имаме од времето на М. Аурелиј и Комод)[5]) ни дава можност да одредиме сигурен *terminus post quem* за нашиов натпис. Формата

---

обично борова шишарка при врвот се забележува и на некои споменици најдени во: Бардовци (Н. Вулић, Споменик Српске краљ. академије LXXI Београд 1931, бр. 542); Злокуќане (Н. Вулић, Спом. XCVIII, Београд 1941—1948, бр. 435), како и на некои од другите места во Скопската околија: Долно Водно (Спом. XCVIII бр. 431), Арачиново (ibid. бр. 418), Моране (ibid. бр. 440), (Мирковци (Спом. LXXI бр. 569). И чешел и огледало како декорација се забележуваат исто така и на некои споменици од овој дел на Македонија, на пр.: Бањани (Спом. LXXI бр. 531), Волчи Дол (ibid. бр. 554), Мирковци (ibid. бр. 569);

[2]) Димитровъ, Надгробните плочи отъ рим. време въ Северна България, София 1942, на стр. 39 и 40 бр. 62, сл. 97 и 105 донесува еден надгробен споменик од IV век чија десна рамка е украсена со лоза, а левата со лисја од бршлен.

[3]) Сврзување на овие два мотива имаме и на неколку споменици од околијата на Скопје (Димци—Спом. LXXV бр. 212, Арачиново—Спом. LXXI бр. 527, Добри Дол—необјавен), како и на спомениците од: Пеќ—Спом. LXXI бр. 280, Призрен—ibid. бр. 324, Злокуќане—Спом. XCVIII бр. 271 и др.;

[4]) Daremberg—Saglio, Dictionnaire des antiquités grecques et romaines, Paris, Tome III str. 1201;

[5]) René Cagnat, Cours d'épigraphie latine, Paris 1914, стр. 55 и 58;

на буквите, двочлено име, бројните лигатури, како и схематичното третирање на розетата укажуваат на III век од н. ера.

## СОПИШТЕ — ЈУЖНО ОД СКОПЈЕ

2 (сл. 2). Надгробен споменик од варовик, хоризонтално низ целата ширина на фронтонот, во чија средина е направена една дупка, оштетен со цел да се приспособи за секундарна употреба (гроб). Најден е заедно со уште два надгробни споменика употребени за иста цел, во 1949 год. во ова село на месноста „Кукловец“ при копање дупки за вар за изградување на задружните штали. Евидентиран е на 6-X-1950 год. од археолошката екипа на Г. Н. О. Скопје со којашто раководеше д-р М. Грбиќ, научен соработник на Археолошкиот институт на САН, и истиот ден пренесен во Археолошкиот музеј во Скопје (инв. бр. 499).[6])

Димензии: вис. 240 см., шир. 57 см., деб. од 15—25 см.

Под фронтонот е профилирано натписно поле (вис. 86 см. а шир. 42 см.), врамено со мазни, недекорирани рамки и во него натписот чијашто висина на буквите варира од 4 до 6,5 см.



Сл. 2

L(ucius) Valeris (=Valerius),
L(ucii) f(ilius) Gal(eria tribu)
Galenus, Luc(o)
veteranus
leg(ionis) IV Mac(edonicae)
vixit an(nos)
LV, militavit
an(nos) XXVIII—
h(ic) s(itus) e(st).
(H)e(res) f(aciendum) c(uravit).

[6]) Според податоците добиени од работниците за време на копањето темели за споменатите штали откопани се уште десет гро-

Во првиот ред можеби се малу необично легирани буквите 7—8—9 *(ius)*, но како во натписов немаме воопшто лигатури, а истиот е баш на тоа место малу оштетен, поверојатно ни се чини дека во овој случај имаме исчезнување на вокалот *U* во зев така, што наместо окончанието *ius* имаме *is*.[7])

Буквата Е (освен во осмиот ред) има форма која се сретнува во архајскиот, како и во курсивниот алфабет и не е ретка на натписите од времето на империјата.[8]) Таа форма се сретнува и на натписите од некои други краишта во нашата земја.[9])

Хоризонталните црти кај буквите *L* и *T* се куси така што во некои зборови тие букви наполно се слични со буквата *I*.

Буквата А на неколку места е напишана без хоризонтална попречна линија.[10])

Местото од кое бил ветеранот Л. Валериј според приведената триба *(Galeria)* се наоѓало во Хиспанија[11]), каде што легијата била испратена[12]) по реорганизацијата на војската извршена од Августа. Во *Hispania citerior* на нас ни се познати два града со тоа име: *Lucus Asturum* и *Lucus Augusti* во провинција *Gallaecia*. Претполагаме дека во натписот се мисли на другиот.[13])

За датирањето на овој натпис формата на буквите, од коишто некои се употребуваат во II век *(L T)*,[14]) но можат да бидат и резултат на невнимателно пишување, не може да се земе во предвид поради тоа, што легијава веќе за време на Веспазијана била растурена.[15]) Овој факт, како и некои други елементи во натписот (потполно име, употребените формули, отсутност на консекративната формула и др.) укажува на I век од н. ера.

---

бови покриени со плочи од камен, но без натписи. (В. Арх. записник на ГНО—Скопје, бр. 15);

[7]) И. Венедиковъ, Фонетика на лат. надписи отъ Българските земи, Известия на семинарите при историко-фил. фак. на университета Св. Климент Охридски в София, кн. I. 1942 стр. 234, 21.

[8]) R. Cagnat, op. cit. стр. 3, 7, 8 и 14;

[9]) В. Д. Сергејевски, Јаподске урне, Гласник земаљског музеја у Сарајеву, Сарајево 1950, св. IV—V, стр. 62 и 63, бр. 11;

Д. Рендић -Миочевић, Нови епигр. илирски споменици из Ридера, Гласник зем. музеја у Сарајеву, Сарајево 1951, св. VI стр. 54;

Hoffiller—Saria, Antike Inschriften aus Jugoslavien, I Загреб 1938, стр. 8, бр. 13;

[10]) V. R. Cagnat, op. cit. стр. 12;

[11]) V. R. Cagnat, op. cit. стр. 78, заб. I;

[12]) R. Cagnat, Legio, Daremberg—Saglio op. cit. III, стр. 1081;

[13]) Schulten, RE $XIII_2$, col. 1709;

[14]) V. R. Cagnat, Cours d'épigraphie latine, стр. 18 и 22;

[15]) Ritterling, RE $XII_2$, col. 1554;



Сл. 3

Иако ветерански, овој натпис е значаен поради тоа што тој би бил — доколку имавме можност да провериме[16]) — прв натпис најден во Македонија во кој се споменува името на оваа легија.

3 (сл. 3). Надгробен споменик од бел мермер, прекршен на два дела (сега составен), откршен горе (врвот од фронтонот), долу десно, а на предната страна — особено низ фронтонското поле и на десната рамка силно оштетен. Освен ова нитписот е оштетен со преломот кој оди низ неговиот петти ред, но не во таа мерка да би можело тоа да стане пречка за неговото правилно читање.

Споменикот е најден во истото време и на истото место како и претходниот со кој заедно е пренесен во скопскиот Археолошки музеј (инв. бр. 450).

Димензии: вис. 284 см., шир. 78 см., деб. од 12 до 16 см.

Споменикот се завршува со слободен фронтон чиешто плитко вдлабено поле по форма слично како кај претходните е декорирано со венец, претставен во висок релјеф, комбиниран со розета.[17]) На горната рамка од натписот е врезан орнамент на лоза, која се јавува и под натписното поле, каде веројатно требаше да биде претставен кратер или некој друг сад од кој обично симетрично израснуваат ветки на лоза.

Страничните рамки се без декорација.

[16]) При обработката на натписите не можев да го употребам CIL.
[17]) Венецот, кој на спомениците од Сев. Бугарија многу често се упо-

Во натписното, сложено профилирано поле високо 131 см., а широко 55 см., е следниот натпис:

D(is) M(anibus).
G(aius) Venuleius
Arator vix(it)
an(nos) LV, Val(eria) Restu-
ta vix(it) an(nos) XL —
h(ic) s(iti) s(unt).
G(ai) Venulei: Her-
culanus,
Persinus,
Silvanus fili(i)
parentibus
pientissimis
f(aciendum) c(uraverunt).

Висината на буквите во првиот и во последниот ред изнесува 7 см., а во останатите варира од 3—5 см.

Легирани се во вториот ред буквите 6—7 (le); во четвртиот: 1—2 (an) и 5—6 (Va); vo петтиот 6—7 (an); во седмиот 9—10 (He); во осмиот 4—5 (an) и во десеттиот 4—5—6 (van).

Според формата на буквите, употребените формули, како и означувањето на лицето со три имиња, на мнение сме дека споменикот би можел да се датира во II в. од н. ера.

*Скопје.* *Б. Јосифовска.*

## RÉSUMÉ

*B. Josifovska:* TROIS INSCRIPTIONS LATINES INÉDITES DE MACÉDOINE

Dans cet article on publie trois inscriptions latines de Macédoine dont une (n° 1) a été trouvée en 1949 à Dračevo (au sud-est de Skopje) et les deux autres (nos 2 et 3) la même année à Sopište (au sud de Skopje) où elles avaient servi à la construction d'un tombeau. La plus importante de ces inscriptions est l'épitaphe du vétéran de la IVe légion macédonienne L. Valeri(u)s Galenus (no 2) que l'auteur date du Ier s. de n. ère. Pour l'inscription no 1 l'auteur propose le IIIe siècle, tandis que l'inscription no 3 date du IIe s. de n. ère.

---

требува како украс на фронтонското поле (Д. Димитровъ, op. cit. бр.: 15, 16, 20, 21, 22, 24, 25, 26, 31, 32, 39, 49, 70, 71, 74, 107, 108, 110, 111) се сретнува и на неколку споменици од Равна (Спом. XCVIII бр. 184 и 188), Плевље и околијата (Спом. LXXI бр. 291 и XCVIII бр. 302 и 304 — Плевље, Спом. XCVIII бр. 290 — Комине, бр. 285 — Видре), а кај нас во Македонија, со исклучок на овој споменик и на еден споменик од Канатларци—Прилепско (Спом. XCVIII бр. 352). Со оглед дека тој обично се употребува како украс на полукружно фронтонско поле — на пр. кај цитираните споменици од Сев. Бугарија и Равна, треба да се потцрта фактот дека фронтоните на споменатите споменици од Плевље и Македонија имаат триаголна форма.

Фотографиите на спомениците се од Димче Черњаковски, фотографот при Археолошкиот музеј во Скопје.